# АНАТОМИЈА НА ДРЖАВАТА



МАРЕЈ РОТБАРД

# **АНАТОМИЈА НА ДРЖАВАТА**

- Мареј Ротбард

**ЛИБЕРТАНИА - ЦЕНТАР ЗА СОВРЕМЕНА ПОЛИТИКА**

*Март 2021, Битола*

**За оригиналот**:

Murray N. Rothbard - Anatomy of the State

Published by the Ludwig von Mises Institute, 2009©

Ludwig von Mises Institute
518 West Magnolia Avenue
Auburn, Alabama, 36832 USA
www.mises.org

ISBN: 978-1-933550-48-0

**За преводот:**

Мареј Ротбард - Анатомија на државата

**Издавач**
Либертаниа - Центар за современа политика, Битола
Студенти за слобода - Македонија, Битола, Скопје

**Превод**
Никола Љ. Илиевски

**Уредник на преводот**
Д-р Бошко Караџов

**Дизајн на корица**
Ѓорѓи Димитров

**Март 2021 година**

***Либертаниа - Центар за современа политика* (Libertania - Center for Contemoprary Politics)** е невладино, непрофитно и непартиско здружение на граѓани, формирано во 2015 година од студенти на Правниот факултет во Битола.

Мисијата е промоција на идеите на лична слобода, слободен пазар и слободно општество, преку понуда на образовни, истражувачки и можности за вмрежување на млади лица.

Целта е постепена промена на сегашното во послободно општество, на мирољубив начин, со помош на образование и создавање на слободарски интелектуални заедници.

Идеата е слободно оштество втемелено на мирољубива соработка, владеење на право, слободен пазар и ограничена и одговорна држава.

Остварувањето на мисијата и целта на Либертаниа - ЦСП се одвива низ повеќе активности, од самиот почеток во 2015, па до денес, вклучувајќи преводи на литература, одржување на блог на *libertania.org* и поттикнување на креативно пишување, организирање на Регионални конференции, Национална конференција, Школи за објективизам, Школи за анти-авторитарни студии, лидерски форуми, дискусии и голем број на помали настани. Во програмите на Либертаниа учествувале околу 2500 млади лица, најчесто студенти на општествени науки.

Либертаниа - ЦСП е дел од меѓународни и европски слободарски (либертраријански) мрежи и движења, како Students for Liberty, Atlas Network и Friedrich Naumann Foundation.

***Студенти за слобода* (Students for Liberty)** е најголемата слободарска (либертаријанска) студентска организација во светот, по број на лидери, земји од кои доаѓаат и организирани настани. Нудат високо ниво на разбирање на идеите на слободата и можност за јасно и ефикасно објаснување на економската и философската

логика позади каузата зад која стојат. Слободата создава подобар свет и пораката која ги придружува овие идеи е позитивна и инспираторна.

Целта е промоција на идеите на лична слобода, слободен пазар и просперитетно општество.

Мисијата е образование, развој и оспособување на следните генерации на слободарски лидери.

Визијата е послободна иднина.

Доколку сте заинтересирани да станете дел од Студенти за слобода, пријавете се на програмата за *Локален координатор* на studentsforliberty.org, и приклучите се кон илјадници студенти од повеќе од 100 земји кои организираат бројни настани и кампањи за слобода секоја година. Дознајте повеќе на studentsforliberty.org.

***Студенти за слобода Македонија* (Students For Liberty Macedonia)** е студентска организација, дел од мрежата на Студенти за слобода, активна од 2014 година, со повеќе од 10 лидери и организирани конференции, школи, преводи на книги, лидерски форуми и голем број на помали настани и неформални дружења.

Во Студенти за слобода, студентите добиваат шанса:

- да го почувствуваат духот на студентскиот активизам,
- да ја зајакнат својата улога во донесувањето на одлуки во општеството,
- да се надоградат академски и професионално,
- да го почувствуваат начинот на трансформација на идеите во конкретни акции,
- да придонесат во заштитата на човековите права и слободи,
- да се дружат со студенти од целиот свет,

и тоа преку организација и учество на најразлични активности. Дознајте повеќе на www.facebook.com/sfl.macedonia.

*Најголемиот непријател на Државата е*

*независната интелектуална критика*

**-** Мареј Н. Ротбард

**Содржина**

Предговор: Државата како игра

За авторот: Мареј Ротбард и капиталистичкиот анархизам

Глава I. Што држава не е?

Глава II. Што е државата?

Глава III. Како државата самата се чува?

Глава IV. Како државата ги надминува ограничувањата?

Глава V. Што ја плаши државата?

Глава VI. Како државите се однесуваат меѓусебно?

Глава VII. Историјата како борба помеѓу државната и општествената моќ

## Предговор:
## ДРЖАВАТА КАКО ИГРА

Покрај сите поимални определувања на државата во политиколошка и социолошка смисла, како организација, институција или општествен ентитет, истата најдобро може да се опише и разбере како сеопфатна и континуирана општествена игра. Како и секоја игра, така и оваа најголема и највремена, вклучува правила, субјекти носители, односи помеѓу истите во рамки на играта, или инспирирани од неа, како и карактер на истите односи. Секако, секоја игра, од најобична детска на микро ниво, до постоење на држава (водење на политика) на макро ниво, има свои посебности, но претходното одреденото е заедничко.

Она што е карактеристично за државата како општествена игра, е тоа што субјектите немаат друг избор освен да ја играат истата, односно не можат да излезат од истата. Доколку некого прашате кој е неговиот став околу определена игра, која е задолжителна за сите, и од која никој нема право на излез, а самите обиди за излез се насилно казнувани; се очекува дека не би сакал да биде дел од таква игра. Втора забелешка за играта е тоа што субјектите *пер се*, сѐ во играта, односно не постои субјект, изземен од истата. *Томас Кнап* симболички го наведува експериментот: Доколку жаба е поставена во врела вода, истата инстинктивно реагира да излезе од водата. Но со промена на методот, односно, жабата е поставена во млака вода, а водата бавно се загрева, жабата е комфорна во неа, се додека на крајот не се свари во истата. Во таа насока, и во општествените односи доколку поединците би се соочиле со чист и експлицитен избор за влез во игра од која нема излегување, веројатно би реагирале инстинктивно како жабата.

На прашањето дали е легитимно и посакувано, да постои една (општествена) игра која се однесува на сите, одговорот може да биде и да и не. Гледано од морално-философска страна, посакувано би било да постои универзална општествена игра, во која правилата се негативно одредено (слободарски – неповредливост на принципот на самопоседување, односно човекот да може да прави што сака со своето тело и производите на својот труд,

се додека не нарушува останати поединечни самопоседувања). Но од друга, поконкретна, политичко-економска страна, ваквата игра која се однесува на сите и не го предвидува основното право на излез е во спротивност со принципот на самопоседување.

Од таму, една игра да биде сеопфатна и континуирана, потребно е да биде во согласност со принципот на само-поседување на субјектите, што секако го предвидува и правилото за излез од играта, како гаранција на истиот принцип (или морално оправдување на играта), и дополнително да дава резултати кои се поволни за субјектите кои учествуваат во играта – субјектите да се позиционираат како цел, а не средство за целите на играта (економско-утилитаристичко оправдување на играта). Правото на излез од играта, не само што има морално-философско значење за играта, туку истото има и економско-утилитарно, поради фактот што оневозможува, нефер и неефикасни игри.

Како и претходно наведено, државата е игра во која не е предвидено правото на излез, а конкретни субјекти се овластени за процесите на креирање на правилата, нивното спроведување и секако санкционирањето на поведенија надвор од предвидените. Со самата констелација во играта, едни да ги создаваат и спроведуваат правилата, а втори да им се потчинуваат, да бидат казнувани и да ја финансираат играта, постои можност или опасност, првите да ја злоупотребата играта, односно да ги злоупотребат оние вторите субјекти на истата.

Нормално, во природата на човекот, како *хомо луденс*, или битие кое игра, е да игра и да се вклучува игри, од кои може да има корист, загуба, ука, забава и слично, но, секогаш е, или во најмала рака, треба да биде неприкосновено следново: прво, играта да биде во согласност со принципот на само-поседување – да има право на излез од истата, и секундарно да цели кон подобрување на благосостојбата на субјектите во играта.

*Никола Љ. Илиевски*,
Програмски директор
Либертаниа - ЦСП

## За авторот:
## МАРЕЈ РОТБАРД И АНАРХО-КАПИТАЛИЗМОТ

***Мареј Њутон Ротбард*** [Murray Newton Rothbard (1926-1995)] е основоположник на анархо-капитализамот како либертаријанска (класично-либерална) и индивидуалистичка политичка филозофија која застапува елиминација на државата во полза на суверенитетот на единката во рамките на слободниот пазар. Ротбард не е само автор на терминот „анархо-капитализам", туку беше и водечки теоретичар и централна фигура во рамките на американското либертаријанско движење која жестоко се спротивставуваше на сите форми на државна интервенција, централно банкарство, корпократски капитализам и сл. Иако маргинализиран од страна на *mainstream* научната заедница која спрема него водеше еден премолчен *остракизам*, сепак неговите идеи за комплетно отфрлање на владејачката политичко-економска теорија и целосна доверба во праксеологијата (*praxeology*), како теорија за човековото општествено делување и однесување (*human action and behavior*) развиена од неговиот интелектуален претходник Лудвиг фон Мизес, силно влијаеа врз оформувањето на *laissez-faire* економската мисла во САД и развојот на анти-етатистичката политичка филозофија.

Мареј Ротбард е роден во Њујорк во еврејско семејство на прва генерација емигранти од Полска и Русија. По неговите кажувања, неговиот татко Давид бил силен поклоненик на американските вредности кои се огледувале во слободата на претприемништвото, личната пазарна иницијатива и приватната сопственост. Ротбард високото образование го комплетирал на Columbia University каде во 1945 година дипломира на студиите по математика, а во 1956 г. докторирал во областа на економските науки. Во текот на војната Ротбард интезивно се занимава со делата на либертаријанските теоретичари, меѓутоа неговата пресудна слободарска епифанија му се случува по неговата средба со Лудвиг фон Мизес при неговите предавања за основите на австриската економска школа во Универзитетот во Њујорк и по читањето на Мизесовата книга *Human Action.* По

овој период започнува неговата плодна соработка како политичко-економски аналитичар со фондацијата *William Volker Fund* која поддржувала класично-либерални политички идеи. Заедно со фондацијата, во овој период Ротбард работи на промоција на општествено-економската мисла на Лудвиг фон Мизес. Академската кариера како универзитетски професор Ротбард ја започнува на *Brooklyn Polytechnic Institute* каде работи дваесетина години се до 1986 година кога се сели во Лас Вегас и започнува да работи како професор по економија на *Lee Business School* при *University of Nevada* се до неговата смрт во 1995 година.

Ротбард е основач на *Center for Libertarian Studies* и *Journal of Libertarian Studies,* како и ко-основач на *Ludwig von Mises Institute* во Алабама. Автор е на над 20 книги меѓу кои најзначајни остварувања се следниве:

- *Man, Economy, and State: A Treatise on Economic Principles* (1962)
- *The Panic of 1819: Reactions and Policies* (1962)
- *America's Great Depression* (1963)
- *Power and Market: Government and the Economy* (1970)
- *For a New Liberty: The Libertarian Manifesto* (1973)
- *Egalitarianism as a Revolt Against Nature and Other Essays* (1974)
- *The Ethics of Liberty* (1982)
- *The Betrayal of the American Right* (1970/2007)

Во скоро сите негови дела Ротбард ја застапува анархо-капиталистичката идеја дека сите јавни сервиси и услуги кои ги обезбедува монополскиот систем на корпоративната држава (безбедносни, правни, образовни, здравствени услуги и сл.) можат да се обезбедат многу поефикасно од приватниот сектор. Поточно, од доброволно основани конкурентни приватни агенции за безбедност, за арбитража и сл., а истите не би биле финансирани преку наметнатиот данок од страна на државата како институција со монопол над употребата на иницијалната сила. Во анархо-капиталистичкото општество личните и економските активности и стопанските иницијативи би биле регулирани со природниот закон на слободниот пазар. Таквото општество, по уверувањата на Ротбард, се темели на доброволната размена на стоки и услуги. За Ротбард слободниот пазар и капитализмот се безусловна основа на слободното и просперитетно општество.

Тој инистира на остро разликување на *капитализмот на слободниот пазар* наспроти *државниот капитализам*, бидејќи првиот капитализам е последица на мирна и доброволна размена на добра и услуги, додека вториот подразбира таен договор помеѓу големите бизниси и корпорации со државата која употребува насилство за да го поткопа слободниот пазар и за да обезбеди незаслужени пазарни привилегии на одредени економски оператори.

*Анатомија на државата* е прв негов текст преведен на македонски јазик. Истиот првично е објавен заедно со други негови есеи и расправи во неговата книга *Egalitarianism as a Revolt Against Nature and Other Essays* од 1974 г. Во него Ротбард ги застапува и промовира идеите за лична слобода и просперитетно општество врз темелот на отфрлањето на државата како организација на систематска кражба. За него, нејзината елиминација е морално и практично оправдана. Нејзината анатомија покажува дека таа не само што е агресивен ентитет кој мора да грабе и одзема сопственост преку оданочувањето, експропријациите, инфлацијата и задолжување, туку, дополнително, таа својот монопол за иницијација на силата го користи за економска присила и депривација на човековите права и слободи. Како вели самиот: *Ние не сме државата, државата не е ние.*

*Д-р Бошко Караџов*

Научен соработник

Либертаниа - ЦСП

## Глава I.
## ШТО ДРЖАВАТА НЕ Е?

Државата, скоро универзално се смета за институција на општествени услуги. Некои теоретичари ја уважуваат како апотеоза на општеството; други ја сметаат за добронамерна, но често неефикасна организација за постигнување на општествени цели; но скоро сите ја гледаат како *неопходно средство* во тој процес, средство сместено наспроти ,,приватниот сектор” кое често победува во натпреварот за ресурси. Со подемот на демократијата, поистоветување на Државата со општеството е толку удвоено, што станаа вообичаени изразите кои се спротивни на здравиот разум, како што е изразот: ,,ние сме државата.” Користењето на колективниот поим ,,ние”, дозволи политичкиот живот да биде идеолошки камуфлиран. Доколку ,,ние сме државата,” тогаш секој однос на власта кон поединците не само што е *праведен* и *нетирански*, туку исто така и *доброволен*. Доколку властите се задолжат со голем јавен долг кој што мора да биде платен со одданочување на една група, за сметка на друга, реалноста е замаглена со ,,ние си го должеме тоа”; доколку власта затвори човек поради дисиденство, тогаш тој ,,самиот си го прави тоа” и аналогно на тоа, ништо неправедно не се случило. Според ваквата логика на размислување, сите Евреи убиени од нацистичката власт не биле убиени, туку всушност се „самоубиле“, бидејќи нацистите биле демократски избрана власт.

Некој би помислил дека нема потреба од овој осврт, и покрај тоа што поголемиот број од луѓето, во поголем или помал размер, ја имаат ова заблуда.

Затоа мораме да нагласиме дека ***ние не сме Државата и Државата не е ние***. Власта во ниеден случај не го *претставува* мнозинството на луѓе. [1] Но и доколку го претставуваше, дури и ако 70% од луѓето би одлучиле да ги убијат останатите 30%, ова сепак би било убиство, а не *самоубиство на малцинството*. [2] Ни една органицистичка метафора, ни една ирелевантна баналност ,,сите сме дел еден од друг,” не смее да го крие овој факт.

Тогаш, ако Државата не е *ние*, ако истата не е *фамилија* која заедно ќе одлучува за заедничките проблеми, не е некаков *состанок* на *секта* или *клуб*,

што претставува таа? Накратко, таа е *општествена организација* која поседува монопол на користење на сила и насилство на дадена територија; а поконкретно, таа е единствена организација во едно општество која ги одржува своите приходи, не по пат на доброволен однос, или наплаќање на услуги, туку со *принуда - употреба на насилство* и *закана со употреба* на истото. Додека останатите поединци и институции тоа го прават со производство на добра и услуги и со мирољубива и доброволна размена (продажба) на истите, државата своите приходи ги одржува со *изнуда* - со користење на закана со *затвор* и со *бајонет*.[3] Со користењето на сила и насилство во одржувањето на своите - јавните приходи, Државата има тенденција да ги регулира и диктира активностите на поединечните субјекти. Некој би помислил дека самото набљудување на појавата и одржувањето на Државите низ историјата, во целиот свет, би биле доволен доказ на оваа констатација; но митот за Државата опстојува долго време, а оваа елаборација е *неопходна*.

## Глава II.
## ШТО Е ДРЖАВАТА?

Човекот е роден бос и гол на овој свет, но со употребата на умот научил како да ја користи природата. Единствен начин да ја ползува е со помош на неговиот ум и енергија - да ги видоизменува ресурсите (производство) и да ги разменува истите со други производи создадени од други луѓе (трговија). Човекот научи дека преку процесот на доброволна (заемно-согласна) размена, продуктивноста и стандардот на сите учесници во размената може драстично да се зголеми. Единствената *природна* насока за човекот да преживее и ужива во животот, е со користење на својот ум и енергија впрегнати во процес на создавање и размена. Најпрво тоа го прави со пронаоѓање на природни ресури, нивна обработка (со ,,мешање" на неговиот труд, како што истакнал Лок) и создавање *сопственост*, а потоа со размена на својата со останатите. Општествениот пат одреден од неговата природа е патот на *приватната сопственост* и *слободниот пазар*, како и преносот на таквите права. Преку овој пат луѓето научиле да избегнуваат ,,методи на џунглата" или физичка борба за ретките ресурси, т.е. наместо А да се здобие со нив на сметка на Б, истите да ги користи преку мирно и хармонично *создавање* и *размена*. Големиот германски социолог Франц Опехајмер истакна дека постојат два фундаментално различни начини за задоволување на човековите потреби. Првиот, преку создавање и размена, кој го нарекол ,,економски начин," а вториот е оној кој подразбира *одземање* со принуда на веќе создаденото. Вториот е метод на *конфискација*, или кражба, или како го нарекува Опенхајмер ,,политички начин." Треба да биде јасно дека мирољубивото користење на умот и енергијата во создавање е *природниот* пат на човекот: начините за негов опстанок и просперитет се тука, на Земјата. Исто така, треба да биде јасно дека принудата и начините на експлоатација се спротивни на природното право. Политичките начини го насочуваат производството кон поединец или група - паразит, и тоа не подразбира само одземање од создаденото, туку и намалување на мотивите за создавање. На долг рок, ограбувачот ја загрозува и својата егзистенција со елиминирање на изворот

на истата. Но не само тоа, дури и на краток рок, предаторот делува спротивно на неговата природа како човек. Сега сме во позиција да одговориме на прашањето: што е Државата? Државата, во зборовите на Опенхајмер е ,,организација на политички начини”; таа е систематизација на предаторскиот процес на одредена територија.[4] Но, паразитизмот и таквиот начин на живеење може да се прекине со отпор на жртвите. Државата обезбедува правна и систематска структура за повреда на приватна сопственост и релативно мирен тек на паразитската каста во општеството. [5] Се додека производството му претходи на предаторството; слободниот пазар му претходи на државата. Државата никогаш не била создадена со *општествен договор*, туку е родена со *освојување* и *експлоатација*. Класичната парадигма е следната: освојувачко племе со својот метод на преживување - крадење и убивање, застанува и сфаќа дека грабежот би бил поголем и ситуацијата попријатна, ако на освоеното племе му дозволи да живее и да произведува со освојувачите како владетели, и им обезбеди сигурен годишен данок. [6] Еден од начините на раѓање на Државата може вака да се илустрира: во ридовите на јужна ,,Руританија,” една банда успева да одржи физичка контрола (власт) врз територијата, и конечно главниот на бандата прогласува ,,Суверено кралство и независна власт на Јужна Руританија”; и нормално тој и неговите луѓе продолжуваат да користат насилство за да го одржат своето владеење, новата Држава се приклучува во ,,фамилијата на нациите,” а поранешните водичи на бандата се преобразуваат во благородништво на кралството.

## Глава III.
## КАКО ДРЖАВАТА САМАТА СЕ ЧУВА?

Кога еднаш Државата е воспоставена, проблемот на владеачката група или ,,каста” е како да го обезбеди своето владеење. [7] Додека насилството е нејзиниот *модус операнди*, основата и проблемот на долг рок се идеолошки. Со цел да остане на власт, секоја влада (не само ,,демократската”), мора има подршка од мнозинството нејзини поданици. Треба да се напомене, дека оваа подршка, не мора да подразбира активистички ентузијазам; може да биде пасивна, прифатена како природен закон. Но подршка, во смисла на некакво прифаќање, мора да има; во спротивно малцинството од политички владетели ќе биде надминато со активен отпор од страна на мнозинството. Се додека *предаторството* мора да биде подржано од вишокот на производство, потребно е класата која ја сочинува Државата - активната бирократијата (и елитата), да е малцинство, и покрај тоа што треба да купува сојузници помеѓу побитните групи во населението. Оттука, главната задача на владетелите е секогаш да обезбедат активно или пасивно прифаќање од страна на мнозинството граѓани. [8] [9]

Еден начин за обезбедување на подршка е преку создавање на заеднички интереси. Затоа кралот не може сам да владее; тој мора да има група на следбеници кои ги уживаат привилегиите на владеењето - членовите на државниот апарат, бирократијата или благородништвото. [10] Но сепак тоа обезбедува само малцинство на целосни подржувачи, па дури и купувањето на подршка со субвенции и други привилегии нема да обезбеди согласност од мнозинството. За нејзино есенцијално прифаќање, мнозинството мора да биде убедено со идеологија дека нивната власт е добра, мудра, и во најмала рака нужна и подобра варијанта од можните алтернативи. Промоцијата на оваа идеологија е најбитна општествена задача на *интелектуалците*. Целта е широките народни маси да не создаваат свои идеи, или да размислуваат независно, туку да ги следат пасивно оние на *интелектуалците* - создавачите на јавното мислење во општеството. И се додека создавањето на јавното мислење е суштинска потреба на Државата, основите за долготрајно сојузништво меѓу

Државата и интелектуаците се јасни. Јасно е дека на Државата и се потребни интелектуалците, но не е јасно, зошто на интелектуалците им е потребна Државата. Едноставно, можеби живеењето и благосостојбата на истите во услови на слободен пазар не се загарантирани; интелектуалците зависат од вредностите и изборите на масите, а карактеристика на масите е општа незаинтересираност за интелектуални прашања. Државата, од друга страна, им нуди на интелектуалците сигурен и траен комфор во рамките на државниот апарат и на тој начин им обезбедува доход и редица привилегии. Ги наградува за битната функција која ја изведуваат за владетелите, од кои стануваат и дел. [11] Сојузот помеѓу Државата и интелектуалците беше симболизиран со желбата на професорите на универзитетот во Берлин, 19-ти век, да формираат ,,интелектуален чувар на *Хохенцолерн куќата*." Дозволете ми да цитирам коментар на еминентен марксистички научник за професорот Витфогел, и неговата критичка студија за антички ориентален деспотизам: ,,Цивилизацијата која професорот Витфогел горко ја напаѓа беше онаа која може поетите и научниците да ги направи чиновници." [12] Од бројните примери, може да го напоменеме развојот на стратегијата како ,,наука" во служба на главната насилничка гранка - војската. [13] Ценета институција, посветена на подготвување на гледиштата на властите за нивните делувања и оние на претците. [14]

Постојат многу различни аргументи со кој Државата и нејзините интелектуалци ги придобиле нивните поданици да го подржат нивното владеење. Во основа, нишката на аргументи може да биде сумирана на следниот начин: (а) Владетелите на Државата се големи и мудри луѓе (тие ,,владеат со помош на божјото право," тие се ,,аристократијата" помеѓу луѓето, тие се ,,експерти од науката"), далеку подобри и помудри од добрите, но обични луѓе; и (б) владеењето на сеопфатна Држава е неминовно, апсолутно потребно и е многу подобро од неописивите зла кои би произлегле од нејзиното пропаѓање. Сојузот помеѓу црквата и Државата е еден од најстарите и најуспешни идеолошки *механизми*. Владетелот беше или поставен од Бог, или, во случај на апсолутно владеење на повеќе ориентални деспоти, беше самиот Бог; па секој отпор кон неговото владеење би бил богохулие. Државното свештенство ја исполнуваше

основната интелектуална функција на одржување на јавната подршка, па дури и обожување на владетелите. [15]

Друг успешен механизам е наметнување на страв за останати алтернативни системи на владеење или невладеење. Денешните владетели, им обезбедуваат услуги на своите граѓани за кои треба да им се благодарни: заштита од криминалци и насилници. Со цел да го обезбеди својот монопол на предаторство, Државата се труди приватниот и несистематски криминал да го држи на минимум. Посебно била успешна во последните векови во наметнувањето на страв од други владетели. Се додека територијата на земјата е *парцелизирана* помеѓу конкретни Држави, една од нејзините основни доктрини е поистоветување со територијата која ја владее. Бидејќи повеќето луѓе имаат тенденција да ја сакаат својата татковина, поистоветувањето на територијата и луѓето со Државата е начин да се врбува природниот патриотизам за нејзините интересите. Ако ,,Руританија" е нападната од ,,Валдавија," првата задача на Државата и нејзините интелектуалци е да ги убеди луѓето на Руританија дека нападот е врз нив, а не врз владеачката каста. На тој начин, војна меѓу владетелите се менува во војна меѓу народите, а секој народ доаѓа во одбрана на своите владетели со верба дека тие го бранат него. Овој механизам на ,,национализам" беше успешен во западната цивилизација во последните векови; а не е многу далеку во минатото, кога војната масовно беше сметана како ирелевантна борба помеѓу различни владетели.

Државата исто така користела многу суптилни идеолошки оружја низ вековите. Традицијата е одлично оружје. Колку подолго си го има обезбедено владеењето, толку помоќно е ова оружје; X династијата или Y Државата ја имаат зад себе тежината на вековна традиција. [16] Обожувањето на претците, претставува суптилен начин за обожување и на античките владетели. Најголема опасност за Државата е *независна интелектуална критика*; не постои подобар начин за задушување на истиот од напад на секој изолиран глас, на секој сомнеж, како безбожен поткопувач на мудроста на претците. Друга идеолошка сила е осуда на индивидуалноста и возвишување на колективитетот или општеството. Се додека секое владеење подразбира прифаќање од мнозинството, секоја идеолошка опасност за владеењето може единствено да започне од еден или

повеќе критички интелектуалци. Новата идеа, и дотолку повеќе, новата критичка идеа, започнува како мислење и став на малцинство; а Државата мора да го поткопа секое гледишта кои му пркоси на јавното мислење. ,,Слушај ги само твоите браќа” или ,,прилагоди се кон општеството” на тој начин стануваат идеолошки оружја за сузбивање на поединечното дисиденство. [17] Со такви мерки, масите никогаш нема да научат за ,,непостоењето на императорското одело.” [18] Исто така е битно владеењето на Државата да изгледа неизбежно, дури и во случај конкретната власт да не е посакувана. Еден метод е потенцирање на историскиот *детерминизам*, против личната слобода и слободната волја. Ако X династијата владее со нас, тоа е поради неизбежните закони на историјата (божјата волја, или апсолутните, или материјалните производствени сили) и ниеден поединец не може да направи ништо против тоа. Битно е Државата да влее одбивност кон секоја ,,историска теорија на заговор”; барањето на заговор значи барање на мотиви и својства на одговорност во историските злочини. Ако, секоја тиранија не е наметната од Државата, или корумпираноста и воената агресија не е започната од владетелите на Државата, туку од мистериозни ,,општествени сили,” или од лошата светска состојба, ако на некој начин сите се одговорни (еден слоган вели ,,Сите сме убијци”), тогаш воошто нема поента спротивставувањето на овие злодела. Згора на тоа, напад врз ,,теориите на заговор” значи дека поданиците ќе станат лековерни кон верувањата од типот на ,,општа благосостојба”, истакнати од Државата, за секое нејзино впуштање во деспотски делувања. ,,Теоријата на заговор” може да го измести системот, предизвикувајќи сомнеж во државната идеолошка пропаганда.

Друг испробан и вистински метод за потчинување на поданиците на државната волја е наметнувањето на *чувство на вина*. Секое подобрување на приватната благосостојба е напаѓана како ,,алчност”, ,,материјализам,” создавањето на профит како ,,експлоатација,” а доброволните размени, како ,,себичност,” секогаш со заклучок дека повеќе ресурси треба да бидат распределени од приватниот кон јавниот сектор. Додека поединците имаат тенденција да уживаат во ,,себична алчност,” неуспехот на владетелите да се вклучат во размена треба да ја означи нивната посветеност кон повисоки,

благородни цели - паразитско предаторство споредено со мирољубива и создавачка работа.

Во денешната секуларна ера, божјото право на Државата е земенето со нов Бог - науката. Нејзиното владеење е прокламирано како *научно*, вклучувајќи го експертското *општествено планирање*. Но додека *разумот* е во поголема мера повикан во однос на претходните векови, сепак истот е сѐ уште колективистички и детерминистички и подразбира насилна манипулација на пасивните поданици, од страна на нивните владетели.

Зголеменото користење на научниот жаргон им дозволи на државните интелектуалци да измислуваат нејасни одбрани за владеењето на Државата, соочени со подбив од населението. Крадец кој си ја оправдал кражбата велејќи дека им помогнал на жртвите со трошење и потткинување на трговијата, ќе наиде само на неколку подржувачи; но кога неговото оправдување е дотерано со Кејнзијански референци како ,,мултиплицирачки ефект," за жал добива повеќе подржувачи. И како што нападот на општиот разум продолжува, задачата во секоја ера е одработена на различни начини.

Така, идеолошката подршка, витална за Државата, мора да ја импресионира јавноста со нејзината ,,оправданост," да направи разлика помеѓу нејзините активности и оние на разбојниците. Жестината на нејзините напади на општиот разум не е случајна, како нагласува Менкен:

> ,,Просечниот човек, во најмала рака ја гледа владата како нешто надвор од него и неговите блиски - одделна, независна, и непријателска моќ, делумно под негова контрола, но способна да му направи голема штета. Дали е небитен фактот дека ограбувањето на народот, секаде е сметано за криминал со помало значење, отколку ограбување на поединец, или пак корпорација?... Она што се крие позади ова, верувам дека е смисла за фундаментален антагонизам помеѓу владата и луѓето со кои владее. Восприемана е, не како комитет на граѓани, избран за да се бави со заедничките работи на целото население, туку како одделна и автономна корпорација, главно посветена на експлоатација на населението за сметка не нејзините членови… Кога физичко лице е ограбено, истото е лишено од плодовите на неговиот труд, а кога народот е ограбен, најлошото

што може да се случи е дека некои измамници располагаат со помалку пари од претходно. [19]

## Глава IV.
## КАКО ДРЖАВАТА ГИ НАДМИНУВА ОГРАНИЧУВАЊАТА?

Како што Бертранд де Жувенил мудро истакнал, луѓето низ вековите создавале различни концепти, за да го ограничат владеењето на *Државата*; истата, користејќи ги интелектуалните сојузници, постепено, успеала да ги трансформира истите во *механизми за подршка на нејзиниот легитимитет*, преку *вештини за наметнување на истиот* врз своите активности. Изворно, во западна Европа, концептот на *боженствен суверенитет*, подразбираше дека кралевите можат да владеат единствено според Божјото право; а од друга страна, истите го користеа концептот за оправдување за нивните активности. Концептот на парламентарна демократија започна како *народна контрола* на апсолутното владеење на монархот; а парламентот заврши како суштествен дел од Државата. Де Жувенил заклучува:

> ,,Теоретичарите на суверенитет ги развија… овие контролни механизми. Но, порано или подоцна, ја изгубија својата првобитна намена, и се претворија во пат до моќта. Секој механизам, на почеток, обезбеди силна подршка на невидливиот владетел, а по извесно време доведе до тоа, власта успешно да се поистовети со нив. [20]
>
> Слично се случи со доктрините на ,,Природните права” на поединецот, славени во *Повелбата на правата [Bill of Rights]* и текстовите на Џон Лок, кои се сведоа на етатистичкото ,,право на вработување.” Утилитаризмот ги претвори аргументите за слобода во аргументи за државен упад во слободата.”

Секако, најамбициозниот обид за наметнување на ограничување на Државата е *Повелбата за правата* и другите ограничувачки одредби од американскиот устав, во кои се стипулирани ограничувања на владата. Тоа стана фундаментално право, толкувано од судството, кое под претпоставка е независно од другите гранки на власта. На сите Американци им е познат процесот во кој ограничувањата на Уставот беа незапирливо проширувани во изминатиот век. Но само неколку биле жестоки како професорот Чарлс Блек да увидат дека Државата, во овој процес, го трансформирала судството од *ограничувачки механизам*, во *инструмент за обезбедување идеолошки легитимитет* на активностите на власта. Како што судска одлука за ,,неуставност” е моќна стега на

власта, така имплицитна или експлицитна одлука за ,,уставност” е моќно оружје за зацврстување на *јавното прифаќање на се поголема моќ на власта*.

Професорот Блек ја започнува својата анализа со фокус на суштинската неопходност за ,,летигимитет” на секоја власт и тоа со мнозинско прифаќање на власта и нејзините активности. [21] Прифаќањето на легитимитетот станува посебен проблем во земја како САД, каде што ,,се изградени суштествени ограничувања во теоријата врз која почива владата.” Тоа што е потребно, додава Блек, се начини преку кој власта може да ја увери јавноста дека зголемувањето на своите моќи е навистина *уставно*. И заклучува дека ова било најголема историска функција на судската власт.

Блек вака го прикажува проблемот:

> ,,Наголемиот ризик (за државната власт) е губењето на подршката, отпор широко распространет меѓу населението и недостаток на морален авторитет на власта; колку долго истото да е пролонгирано со употреба на сила, инерција, или недостаток на достапна алтернатива. Скоро секој поданик на државата со ограничена власт, мора порано или подоцна да биде засегнат со некоја постапка на власта која ја смета за злоупотреба на моќта или недопуштив чин за истата. Човек е регрутиран, иако во уставот не е предвидено регрутирање… На земјоделецот му е одредено колку може да одгледува; тој верува, и осознава дека некои правници веруваат како него, дека власта нема поголемо право да му одреди колку пченица може да одгледува, отколку да нареди за кој ќе се омажи неговата ќерка… Човек оди во затвор за изразување на она што го мисли, во ќелијата повторува… ,,Конгресот не смее да донеси закони кои ја ограничуваат слободата на говор”... Или на бизнисменот да му наложи најниска и највисока цена за неговиот производ.”

Опасноста е навистина доволна за секој од овие луѓе да го спореди концептот на *ограночување на власт*, со *реалноста на пречекорување на вистинските ограничувања* (ако може да ја види), и да дојде до очигледниот заклучок за статусот на власта во однос на легитимитетот. [22]

Опасноста може да се заобиколи со државното огласување на доктрината дека *една единствена институција* мора да биде неприкосновена, во одлучувањето за уставноста, и истата, мора да биде дел од федералната власт.[23] Додека површната независност на федералното судство играла витална улога за поголемиот дел од народот, вистинито е и дека судството

претставува дел од апаратот на Државата, поставено од извршната и законодавната власт. Блек признава дека ова значи дека Државата се назначува себе како судија во свој случај, и на тој начин го повредува основниот принцип на правичност. Тој грубо ја порекнува можноста на било која алтернатива. [24]

Блек додава:

> ,,Тогаш задачата е да се смисли начин за да се намали интензитетот, власта да биде сам свој судија, на некој толерантен минимум. Инаку, може само да се надевате дека ваквата замерка, иако теоретска, практично ќе ја загуби силата и легитимната работа на одлучувачките институции ќе биде прифатлива” [25]

Во последните анализи, Блек наоѓа дека *постигнувањето на правдата* во државното судство е вистинско ,,чудо”.[26]

Поставувајќи ја својата теза, во познатиот конфликт помеѓу Врховниот суд и *Њу дил-от*, (*New Deal - Нов договор*), професорот Блек ги критикува своите колеги (кои го подржуваат *договор)*, за нивната кусогледост во осудувањето на судската опструкција:

> ,,Стандардната верзија на приказната за *Њу дилот* и судот, иако веродостојна на свој начин, го преместува акцентот….Се концентрира на потешкотиите и скоро ја изоставува последицата од целата работа. Последицата на сето тоа беше [и ова е тоа што сакам да го потенцирам] дека по некои 2 години на непопуштање… Врховниот суд, без ниедна правна промена, постави афирмативен печат на оправданоста на *Новиот договор*, и на целата нова концепција на власта во Америка.“ [27]

На овој начин, Врховниот суд имаше капацитет да стави крај за големиот број силни и уставно поткрепени спротивставувања на *Њу дил-от*:

> ,,Секако, не сите беа задоволни. По некој жесток заговорник на уставно загарантираниот *лес-е-фер* успеваше да ги загрее срцата на нереалните поборници. Но во јавноста не постоеше некој значаен или опасен јавен сомнеж во оправданоста на уставната моќ на Конгресот да прави што сака со националната економија…”

Немавме други средства, освен Врховниот суд, за обезбедување на легитимитет на *Њу дил-от*. [28]

Како наведува Блек, големиот политички теоретичар кој ја препозна празнината во уставното ограничување на власта со доделувањето на апсолутна

толкувачка моќ на Врховниот суд, беше Џон Калхун. Калхун не беше задоволен со ,,чудото," туку напротив продолжи со анализа на уставниот проблем. Во неговата *Беседа (Disquisition*) Калхун демонстрира вродена тенденција кај Државата да ги надмине уставните ограничувања:

> ,,Пишаниот устав сигурно има и многу значајни предности, но голема грешка е да се претпостави дека одредбите кои ја ограничуваат моќта на власта, ќе бидат доволни да ги спречат главните и доминантни партии од злоупотреба на истата. Владеачката партија, од истиот устав кој ја прави неопходна власта за заштита на општеството, ќе ги искористи уставно дадените моќи и ќе им се спротивстави на поставките кои имаат намера да ја ограничат во своето делување… Помалите, или послабите партии, ќе ја заземат спротивната страна и ќе ги сметаат ограничувањата како суштински во заштитата од доминантната партија… Но додека не постои начин со кој може да ја натераат доминантната партија да ги почитува ограничувањата, единствена потпора е стриктното толкување на уставот… Доминантната партија би се спротивставила на либерално толкување… Би било толкување против толкување - едното да се договорат, а другото да се зголемат моќите на владата… Во таа нерамноправна борба, несомнен би бил резултатот. Партијата која се залага за ограничување ќе биде совладана… Крајот на борбата би бил субверзија на уставот… ограничувањата крајно анулирани и власта променета во таква со неограничени моќи." [29]

Еден од неколкуте политиколози кои ја ценеа уставната анализа на Калхун беше професорот Џен Ален Смит. Смит забележа дека уставот е создаден со *кочници и рамнотежа (check and balances)*, со цел да ја ограничи моќта на власта, а во исто време создаде Врховен суд, кој има монопол на толкување. Ако федералната власт беше создадена за да ги ограничи нападите на личната слобода од федералните единки, кој ќе ја ограничи моќта на федерацијата? Смит продолжи дека во идеата за *кочници и рамнотежа* на уставот, имплицитно е содржано дека ниедна гранка на власта не може да има неприкосновена моќ на толкување: ,,Народот претпоставуваше дека новата власт не може да има овластување да ги одреди ограничувањата на својата моќ, бидејќи во тој случај таа е неприкосновена, а не уставот." [30]

Решението протажирано од Калхун беше, секако, познатата доктрина на *конкурентно мнозинство*. Ако некој суштествен интерес на малцинство во

земјата е загрозен и се верува дека федералната власт ги надминала своите моќи, властите на федералните единки имаат право да изразат *безусловно вето*. Применето од федералните единки, оваа теорија подразбира *право на поништување* на федералниот закон или расправа во рамките на судствата на федералните единки.

Во теорија, уставниот систем би обезбедил контрола на федералната власт врз државните повреди на индивидуалните права, додека државите би ја контролирале прекумерната федерална моќ изразена врз поединците. Иако ограничувањата, недвосмислено би биле поефективни од моменталната состојба, постојат многу потешкотии и проблеми во решението на Калхун. Ако, навистина, потчинетите интереси треба да има право на вето за работите кои се однесуваат на нив, тогаш зошто да се запре со федералните единки? Зошто да не се признае правото на вето и на *окрузите*, *градовите*, *одделенијата*? Дотолку повеќе, интересите не се само географски, туку и професионални, општествени и сл. Што со пекарите, таксистите или некоја друга професија? Дали треба да им биде дозволено право на вето за работи поврзани со нивните животи? Тука доаѓаме до битна точка, во која *теоријата на поништување* ја ограничува контролата и им ја препушта истата на владините институции. Да не заборавиме дека федералните и поединечните власти, и нивните гранки, сепак се Држави и се водени од нивниот државен интерес, повеќе отколку приватните интереси на граѓаните. Што ќе го спречи системот на Калун да функционира обратно, со федерални единки кои ги тиранизираат граѓаните и го користат ветото кога федералната власт се обиде да ја запре тиранијата? Или федералните единки ја прифатат федералната тиранија? Што ќе ги спречи федералната и поединечните власти да формираат сојуз за заедничка експлоатација на граѓаните? Па дури и на приватните професионални групации да им даде некој облик на ,,функционално” претставување во власта, што ќе ги спречи во користењето на Државата да добијат субвенции и други привилегии, или да формираат картели со принудно членство?

На кратко, Калхун не оди до крај со својата теорија - ***не оди до поединецот како таков***. Ако поединецот е тој чиј права треба да бидат

заштитени, тогаш конзистентна теорија би го загарантирала правото на вето за секој поединец; што претставува некој вид на *принцип на едногласност*. Кога Калхун пишува дека ,, [власта] е невозможно да се вклучи или да продолжи да дејствува без согласност на засегнатите” можеби подразбира таков заклучок. [31] Но таквата шпекулација не отргнува од нашиот предмет, а на таквиот пат се наоѓаат политички системи кои што тешко можат да се наречат ,,Држави” пред се. [32] Како што *правото на поништување* на Државата логички го подразбира *правото на сецесија*, така правото на индивидуално поништување би подразбирало право на секој поединец да се *отцепи* од Државата под која живее. [33]

Со примена на наведените начини, Државата има покажано одлучувачки талент во проширувањето на своите моќи, над секои ограничувања кои се предвидени. Се додека истата, неопходно *живее* од принудна конфискација на приватен капитал, и се додека нејзиното *ширење* неопходно подразбира засилени упади врз поединците и нивните здружувања, мора да заклучиме дека Државата по природа е анти-капиталистичка. Нашата позиција е спротивна на марксистичкиот проглас дека Државата е *извршен комитет* на владеачката класа во денешно време, капиталистите под претпоставка. Напротив, истата - организацијата на *политичките начини* - ја воспоставува *владеачката класа* (попрецизно, владеачката *каста*), и е во трајно ривалство со изворно стекнатиот приватниот капитал. Можеме да се согласиме со де Жувенил:

> ,,Само оние што не знаат ништо надвор од себе, и кои се во потполна темнина, а во однос на прашањето за однесувањето на *Моќта*, илјадници години назад, ќе ги сметаат овие постапки [национализација, даноци итн.] како плод на определени доктрини. Тие се всушност нормални манифестации на *Моќта*, и воопшто не се разликуваат во самата природа од *конфискацијата* на манастири на Хенри 8-ми. Се работи за истиот принцип; глад за власт, жед за ресурси и брза распределба на пленот. Дали е социјалистичка или не, *Моќта* мора да биде во војна со капиталистичките авторитети и да го пљачкосува создаденото богатство; а во своето функционирање, единствено го почитува законот на својата природа.”[34]

## Глава V.
## ШТО ЈА ПЛАШИ ДРЖАВАТА?

Она од што се плаши Државата се заканите кон нејзината *моќ* и *постоење*. Смртта на Државата може да се случи на два начина: а.) со нејзино освојување од друга Држава, или б.) со насилно отфрлање на нејзините субјекти, или на кратко, со *војна* или *револуција*. Војната и револуцијата, како две основни закани, секогаш ги поттикнуваат владетелите на најголеми напори и најсилна пропаганда кон граѓаните. Како е кажано, секој начин мора да биде искористен за да се мобилизираат луѓето да застанат во одбрана на Државата, со верба дека така се бранат себеси. Заблудата на идеата станува очигледна кога се регрутирани оние кои одбиваат ,,да се одбранат" себеси и се принудени да и се приклучат на државната *воена банда* - нејзината армија. За нив не се предвидува никаква ,,одбрана" од активностите на нивната Држава.

За време на војна, моќта на Државата е зголемена до нејзини крајности, а под слоганите ,,одбрана" и ,,итност," може да воспостави тиранија, која во услови на мир би била отфрлена. На тој начин војната е корисна за Државата, и навистина секоја модерна војна им донела на завоените народи трајно наследство на *зголемена* Држава, и тоа на товар на општеството. Дотолку повеќе, војната и дава на Државата можности за освојувања на земји и распространување на монополот на насилство. Рандолф Бурн беше несомнено во право кога напиша ,,војната е здравјето за Државата," иако истата може да и донеси и смртоносни повреди. [35]

Хипотезата дека Државата е повеќе заинтересирана за своја заштита, отколку за заштита на своите субјекти, може да се тестира со поставување на прашањето: *Кои видови на кривични дела Државата ги казнува најостро?* - оние против обичните граѓани, или оние против себе? Најтешките кривични дела во секое законодавство, не се оние со кои се повредува личноста или сопственоста, туку оние кои нејзе ѝ се закануваат; како на пример, предавство, дезертерство, избегнување на мобилизација, шпионажа, завери, атентати, злосторнички здружување, како и економските - фалсификување на пари, неплаќање на данок и

сл. Или споредете ја жестокоста со која се гони човек кој нападнал полицаец, со вниманието кое Државата го посветува врз напад на обичен граѓанин. Ставањето на приоритет на државата врз сопствената заштита, некои луѓе го нарекуваат *raison d’etre*. [36]

## Глава VI.
## КАКО ДРЖАВИТЕ СЕ ОДНЕСУВААТ МЕЃУСЕБНО?

Се додека површината на земјината топка е поделена помеѓу Државите, меѓудржавните односи одземаат голем дел од времето и енергијата на Државата. Нејзина природна тенденција е да ја проширува својата моќ, а во надворешен проглед, истото означува освојување на нови територии. Проширувањето секогаш опфаќа конфликт на интереси помеѓу Државите, освен доколку станува збор за бездржавна територија. Само еден од владеачите може да одржува монопол врз принудата на дадена територија и одредено време: потполна моќ, изразена од Држава А, може да се одржи само со отфрлање на Држава Б, на конкретна територија. Војните, иако ризични, се постојана тенденција на Државите, прекинати со времиња на мир, потребни за создавање на сојузи и коалиции меѓу истите.

Видовме дека *внатрешниот* или *домашен* обид за ограничување на Државата, од 17-от до 19-от век, доби најсилен израз во конституционализмот. Неговиот *надворешен* дел беше развојот на ,,меѓународното право," посебно *военото* и *хуманитарното*, како и *правата на неутралните земји*.[37] Делови од меѓународното право беа автентично приватни, создавајќи се од потребите на произведувачите и трговците од целиот свет, да ја заштитат својата сопственост и да ги решаваат спорните моменти. Пример се *морското* и *трговското право.* Секако, дури и правната регулатива се појавува доброволно, ненаметната од меѓународна супер-Држава. Целта на *военото право* е да ги ограничи уништувањата поттикнати од *државниот апарат*, преку зачувување на невините граѓани од ужасите на војната. Целта на развојот на *права на неутралните земји* е заштита на приватната и граѓанска меѓународна трговија, дури и со *непријателски земји*. Пошироката цел беше ограничување на обемот на секоја војна, посебно ограничување на уништувачкото влијание врз граѓаните на неутралните и завоените Држави.

Познатиот правник Фредерик Џон Партингтон Виале го објаснува тоа *цивилизирано војување* и неговата појава во Италија во 15-ти век:

> ,,Богатите и трговците од средновековна Италија беа премногу зафатени со заработување и уживање во животот, за да ги преземат сите ризици и опасности на војничката професија. Така создадоа пракса на најмување платеници да војуваат за нив, додека трае војната, и секако затоа што биле штедливи и трговци, ги отпуштале веднаш по завршувањето на воените дејствија. На таков начин, војните биле водени од армии најмени за таа улога…. За прв пат, војувањето стана помалку опасна професија. Генералите од тоа време вешто маневрирале еден против друг, но кога еден стекнувал предност, неговиот противник се повелекувал или предавал. Се почитувало правилото дека градовите не можат да се пустошат, освен доколку даваат отпор. Имунитет се купувало со откуп… Природна последица била дека градовите не се бранеле, доколку било очигледно дека градската власт не е во состојба да ги одбрани. Цивилите немале причина да се плашат од војна, која била задача на професионалната војска.” [38]

Скоро потполната заштитеност на цивилите во војните кои ги водела Државата во Европа во 17-ти век ја објаснува Неф:

> ,,Дури и поштата не беше ограничена за време на војна. Писмата циркулираа без цензура, со слобода на која би и позавидувал и ум од 21-ви век… Граѓаните на завојуваните нации комуницирале, разменувале писма, и тоа не како противници, туку како пријатели. Скоро и да не постоела современата замисла дека… граѓаните на непријателската држава се одоговорни за агресивните постапки на нивните владетели. Ниту пак завојуваните владетели не покажувале цврста намера да ја прекинат комуникацијата со поданиците на непријателот. Старата инквизиторска пракса на шпионажа запрела, без помисла на слични надгледувања во политичките или економските комуникации. Пасошите настанале како начин до сигурност за време на војна. За време на 18-ти век, Европјаните ретко одлучувале да го откажат својот пат во странска земја, која била во војна со нивната.” [39]

Трговијата се сметала од корист за страните кои се дел од неа. Војувањето во 18-ти век познавало и ,,тргување со непријателот.”[40]

Не е потребно дополнително објаснување колку Државите ги надминаа правилата на цивилизирано војување во овој век. Во модерната ера на тотална војна, комбинирана со технологија за тотално уништување, самата идеа за

ограничување на војната врз државниот апарат звучи позастарена и пoслаба дури и од оригиналниот устав на САД.

Кога Државите не се во војна, договорите се често неопходни за одржување на несогласувањата на минимум. Едно учење кое за чудо стекна широко прифаќање е наводната ,,неповредливост на обичаите”. Овој поим се третира како пандан на ,,неповредливост на договор”. Во основа, обичајот и вистинскиот договор немаат ништо зедничко. Со договор се пренесуваат, и тоа на прецизен начин, правата на сопственост. Затоа што власта, во ниедна конкретна смисла не ја ,,поседува” својата територија, ниеден договор кој го склучува истата, не пренесува права на сопственост. Ако, на пример господин Џонс ја продаде или подари својата земја на господин Смит, наследникот на Џонс, не може легитимно да го нападне наследникот на Смит, и да тврди дека земјата е негова. Правото на сопственост е веќе пренесено. Договорот на Џонс, постариот, по автоматизам важи и за Џонс помладиот, кој не може да полага конкретно право на сопственост. Џонс, помладиот може да го поседува само она што ќе го наследи од Џонс постариот, а Џонс постариот, може да ја продава или подарува само неговата сопственост. Меѓутоа, ако во еден момент државната власт, да речеме на Руританија, е натерана или подмитена од страна на државната власт на Валдавија, да предаде дел од својата територија, апсурдно е тврдењето дека власта или жителите на двете земји никогаш не би можеле да бараат повторно соединување со Руританија врз основа на неповредливост на обичајот. Ниту луѓето, ниту земјата на северозападна Руританија не ја поседува едната или другата власт. Последица е дека власта не може врз основа на нешто од минатото, да ја обврзи идната власт. Револуционерната власт која ќе го собори кралот на Руританија, тешко може да се смета за одговорна за неговите дела или долгови, бидејќи, за разлика од детето, власта не е ,,наследник” на сопственоста на претходната.

## Глава VII.
## ИСТОРИЈАТА КАКО БОРБА МЕЃУ ДРЖАВНАТА И ОПШТЕСТВЕНАТА МОЌ

Како што двата основни, заемно исклучиви типа на односи меѓу луѓето, се мирна соработка и насилна експлоатација, или производство и кражба, така и историјата на човештвото, посебно економската историја, може да се гледа како натпревар помеѓу овие два типа. Од една страна, постои мироЉубива размена и соработка; а од друга, односи во кои постои принуда. Алберт Џеј Нок, ги нарекува овие сили *општествена моќ* и *државна моќ*. [41] Општествена моќ е моќта на човекот врз природата, трансформацијата на природните ресурси и увид во законите на природата, секако во корист на поединците кои учествуваат. Општествената моќ го означува животниот стандард постигнат од луѓето со создавање и заемна размена. Државната моќ, како што видовме, е принудно и паразитско одземање на произведеното - пренасочување на општествените плодови кон непродуктивните (всушност *анти-продуктивните)* владетели. Додека општествената моќ е моќта врз природата, државната моќ е *моќ врз човекот*. Низ историјата, човековите сили на создавање и производство, пронаоѓаат нови начини за видоизменување на природата во корист на човекот. Тие се времињата кога општествената моќ ја надминува моќта на Државата, а влијанието на Државата е намалено. Но, скоро секогаш, со изминување на поголем или помал период, Државата повторно успева да се шири и зајакне на сметка на општеството. [42] Ако периодот помеѓу 17-ти и 19-ти век, во многу западни земји се зајакнува моќта на општеството и е обезбеден напредокот на слободата, мирот и материјалната благосостојба, 20-тиот век е период на зајакнување на моќта на државата, и како последица, враќање кон ропство, војна и уништување. [43]

Во овој новиот век, човековиот род повторно се соочува со растот на злокобната моќ на Државата, но сега наоружана и со плодовите на неговите моќи на создавање и производство. Последните векови се период кога човекот се обидел да постави уставни и други ограничувања на Државата, но и да се увери

дека истите не успеваат. Од сите форми во кои се појавува власта низ вековите, од сите концепти и институции кои се испробани, ни еден не успеал да ја задржи Државата зауздана. Проблемот со Државата, очигледно е далеку од решението. Можеби е потребно да се пронајдат нови гледишта за да се постигне *конечното решение* на прашањето за Државата. [44]

## ФУСНОТИ

[1] Во оваа глава не можеме да ги развиеме пробпемите и недостатоците на ,,демократијата.” Доволно е да се каже дека *вистинскиот* ,,претставник” на поединецот, секогаш подреден на неговите изјави, може да биде откажан во секое време и неможе да делува спротивно на неговите интереси или желби. Јасно, ,,претставникот” во демократијата никогаш не може да ги извршува функциите на *вистинскиот*, и единствено е можен во *слободарско* општество.

[2] Социјалдемократите често изјавуваат дека демократијата - владеењето на мнозинството, логично подразбира дека мнозинството мора да му остави определени слободи на малцинството, за малцинството еден ден да стане мнозинство.

[3] Joseph A. Schumpeter, Capitalism, Socialism, and Democracy (New York: Harper and Bros.,1942), стр.198. Судирот, или антагонизмот меѓу приватната и јавната сфера се зајакна со фактот дека.... Државата живее на приходите кои потекнуваат од приватната сфера и кои мора да бидат одземени со сила (политика). Теориите кои ги споредуваат даноците *со* купување *на членство во општествен клуб* и/или купување на други *услуги* покажуваат колку се оддалечиле општествените науки од научните методи и здравиот разум. Исто така види Murray N. Rothbard, “The Fallacy of the ‘Public Sector,” New Individualist Review (Лето, 1961)

[4] Franz Oppenheimer, The State (New York: Vanguard Press, 1926) стр. 24 –27: Постојат два фундаментално спротивни начина за задоволување на човековите желби. Тие се работа и кражба, сопствен труд и насилно одземање на останати… Предлагам во следната дискусија оние на работа да се нарекуваат *економски*, додека оние на насилно одземање *политички*… Државата е организација на политички начини. Аналогно, државата не може да постои додека со економски начин не се создаваат производи за задоволување на потребите, за истата да ги одземи.

[5] Алберт Џеј Нок напиша дека државата изјавува и одржува монопол на криминал… Таа го забранува убиството, но во исто време оргнизира убиства во колосални размери. Ја казнува кражбата, но ги пушта рацете во се што ќе посака. Nock, On Doing the Right Thing, and Other Essays (New York: Harper and Bros., 1929), стр. 143; цитирано во Jack Schwartzman, “Albert Jay Nock—A Superfluous Man,” Faith and Freedom (December, 1953): 11.

[6] Oppenheimer, The State, стр. 15: Дали државата е социолошки концепт? Државата, целосно во својата генеза… е општествена институција, од победничката група на луѓе врз поразената, со единствена цел регулирање на територијата и обезбедување против револт од внатре и напад од надвор. Телеолошки, ова владеење нема друга цел освен економска експлоатација. И де Џувенил напишал: ,,Државата во суштина е резултат на успесите постигнати на банда над малите и различни општества.” Bertrand de Jouvenel, On Power (New York: Viking Press, 1949), стр. 100–01.

[7] За круцијалната разлика помеѓу ,,каста” група со привилегија и марксистичкиот концепт на ,,класа” во општестово, види Ludwig von Mises, Theory and History (New Haven, Conn.: Yale University Press, 1957), pp. 112ff. 18

[8] Такво прифаќање не постои, секако, подразбира дека владеењето на државата станало ,,доброволно"; па дури и доколку мнозинската подршка е активна или енергична, оваа подршка не е едногласна, од секој поединец

[9] Дека секоја влада, колку и да е ,,диктаторска" мора да обезбеди таква подршка беше демонстрирано од политички теоретичари како Етиен де ла Боети, Дејвид Хјум и Лудвиг вон Мисес. David Hume, "Of the First Principles of Government," in Essays, Literary, Moral and Political (London: Ward, Locke, and Taylor, n.d.), p. 23; Étienne de la Boétie, Anti-Dictator (New York: Columbia University Press, 1942), pp. 8–9; Ludwig von Mises, Human Action (Auburn, Ala.: Mises Institute, 1998), pp. 188ff. Повеќе за анализата на државата на Ла Боети види Oscar Jaszi and John D. Lewis, Against the Tyrant (Glencoe, Ill.: The Free Press, 1957), pp. 55–57.

[10] La Boétie, Anti-Dictator, pp. 43–44.

Секогаш кога владетелот преминува во диктатор… сите оние кои се зафатени од огнената амбиција и извонредна лакомост, се собираат околу него и го подржуваат во поредокот кој треба да го споделува со нив и да ги воспостави во мали шефови под големиот тиранин.

[11] Ова не подразбира дека сите интелектуалци се сојузници на државата. За аспекти на сојузништвото помеѓу интелектуалците и државата види: Bertrand de Jouvenel, "The Attitude of the Intellectuals to the Market Society," The Owl (January, 1951): 19–27; idem, "The Treatment of Capitalism by Continental Intellectuals," in F.A. Hayek, ed., Capitalism and the Historians (Chicago: University of Chicago Press, 1954), pp. 93–123; reprinted in George B. de Huszar, The Intellectuals (Glencoe, Ill.: The Free Press, 1960), pp. 385–99; and Schumpeter, Imperialism and Social Classes (New York: Meridian Books, 1975), pp. 143–55.

[12] Joseph Needham, "Review of Karl A. Wittfogel, Oriental Despotism," Science and Society (1958): 65. Нидам исто така пишува дека ,,наследните [кинески] императори беа служени од образовани луѓе (научници), во сите времиња на владеење," стр.61. Витфогел истакнува дека Конфучијанската доктрина, во која славата на владеачката класа се базирала на овие господа, научници-бирократи, осудени да бидат професионални владетели, диктирајќи им на масите. Karl A. Wittfogel, Oriental Despotism (New Haven, Conn.: Yale University Press, 1957), pp. 320–21 and passim. За став спротивен на Нидам, John Lukacs, "Intellectual Class or Intellectual Profession?" in de Huszar, The Intellectuals, pp. 521–22.

[13] Jeanne Ribs, "The War Plotters," Liberation (August, 1961): 13, ,,стретизите инсистираат дека нивната професија заслужува ,,возвишена академска паралела на воената." Исто така види Marcus Raskin, "The Megadeath Intellectuals," New York Review of Books (November 14, 1963): 6–7.

[14] На тој начин историчарот Коњерс Рид, во своите претседателски говори заговара потиснување на историски факти во служба на ,,демократските" и националните вредности. Рид објавува дека ,,тотална војна, без разлика дали е топла или студена, ги вклучува и повикува сите да ја одиграат својата улога. Историчарот не е послободен во обврската од физичарот." Read, "The Social Responsibilities of the Historian," American Historical Review (1951): 283ff. За критика на Рид и други аспекти на историја види Howard K. Beale, "The Professional Historian: His Theory and Practice," The Pacific Historical Review (August, 1953): 227–55. Исто така Herbert Butterfield, "Official History: Its Pitfalls and Criteria,"

History and Human Relations (New York: Macmillan, 1952), pp. 182–224; и Harry Elmer Barnes, The Court Historians Versus Revisionism (n.d.), pp. 2ff.
[15 ]Wittfogel, Oriental Despotism, pp. 87–100. За спротивните улоги на религијата vis-à-vis државата во античка Кина и Јапонија, види Norman Jacobs, The Origin of Modern Capitalism and Eastern Asia (Hong Kong: Hong Kong University Press, 1958), pp. 161–94.
[16] De Jouvenel, On Power, p. 22: Есенцијалната причина за покорување е дека истата станала навика на видовите…. Моќта за нас е природен факт. Од најраните денови на запишаната историја, секогаш доминирала над човековите судбини…. Авторитетите кои ги управувале (општествата) во поранешните времиња не исчезнале без пренесување на привилегиите на нивните наследници, ниту пак без оставање на печат во човековите умови. Наследувањето на владите, кои во текот на вековите го управувале истото општество можат да се гледаат како единствена влада во продолжение.
[17] За такво користење на религијата во кина види Норман Џејкобс.
[18] H.L. Mencken, A Mencken Chrestomathy (New York: Knopf, 1949), p. 145:
Сите (влади) можат да видат оригинална идеа во потенцијална промена и инвазија на нивни привилегии. Најопасниот човек, за секоја влада, е човекот кој е способен да ги размислува работите за себе, без оглед на доминантните суеверија или табуа. Скоро неизбежно доаѓа до заклучок дека владата под која живее е нечесна, луда и нетолерантна, а ако е романтичар, ќе се обиде да ја промени. Па дури и ако не е романтичен, може да го сподели своето размислување со оние кои се.
[19] H.L. Mencken, A Mencken Chrestomathy (New York: Knopf, 1949), p. 146–47.
[20] De Jouvenel, On Power, стр. 27ff.
[21] Charles L. Black. Jr., The People and the Court (New York: Macmillan, 1960), стр. 35ff.
[22] Ibid., стр. 42–43.
[23] Ibid., стр. 52: Примарната и најнеопходната функција на (Врховниот) суд била таа на потврдување, а не отфрлање. Она што на влада со ограничени моќи и треба, на почетокот и секогаш, се начини на задоволување на народот дека се преземени сите возможни чекори да остане во истите моќи. Ова е услов за нејзиниот легитимитет, и истиот, на долг рок, услов за нејзиниот живот. И судот, низ историјата делувал како *оправдувач* на владата
[24] За Блек, ова ,,решение,” е парадоксално и безгрижно очигледно: крајните моќи на Државата… мора да запрат каде што запира правото. И кој ќе ги постави границите, и кој ќе го изврши запирањето на на најголемата моќ? Зошто, Државата самата себеси, секако преку судиите и правото. Кој ја контолира температурата? Кој ги учи мудрите (Ibid., стр. 32–33). И: каде што прашањата се однесуваат на моќта на владата на суверена нација, не е можно да се избере судија кој е надвор од власта. Секоја национална влада, се додека владее, мора да го има конечниот збор за нејзините моќи. (Ibid., стр. 48–49)
[25] Ibid., стр. 49.
[26] Препишувањето на *чудотворство* на владата е присутно во оправдувањето на Џејмс Брнхем, на *мистичен* и *ирационален* начин:

> ,,Во старите времиња, пред илузиите на науката да ја корумпираат традиционалната мудрост, основачите на градови беа познати како богови и полубогови… Ниту изворот, ниту оправдувањето на владата можат да се стават во рационални рамки... зошто треба да прифатам традиционални

> или демократски или некакви други принципи на легитимитет? Зошто принцип да го оправдува владеењето на тој човек со мене?... Јас го прифаќам принципот… затоа што така е и така било.”

James Burnham, Congress and the American Tradition (Chicago: Regnery, 1959), стр. 3–8. Но што доколку некој не го прифаќа принципот? Кој ќе биде тогаш *патот*?

[27] Black, The People and the Court, стр. 64.

[28] Ibid., стр. 65.

[29] John C. Calhoun, A Disquisition on Government (New York: Liberal Arts Press, 1953), стр. 25–27. Исто цит. Murray N. Rothbard, “Conservatism and Freedom:

[30] J. Allen Smith, The Growth and Decadence of Constitutional Government (New York: Henry Holt, 1930), стр. 88. Смит додава:

> ,,Беше очигледно дека таму каде што Устав беше создаден да ги ограничи моќите на органот на власта, истиот би можел да се поништи, ако неговото толкување и извршување е оставено на властите кои треба да ги ограничи.
>
> Јасно, здравиот разум бара ни еден орган од владата не треба да ги одредува своите моќи. Секако, здравиот разум и ,,чудата” наложува различни погледи на владата.” (стр.87)

[31] Calhoun, A Disquisition on Government, pp. 20–21.

[32] Во последните години, принципот на *едногласност* доживува преродба, посебно во пишувањата на професорот Џејмс Бучанан. Вметнувањето на едногласност во сегашната ситуација, и негова примена во промената на статус-квото, и не постојните закони, може да резултира во трансформација од ограничувачки концепт во *гумен печат* на Државата. Ако се примени принципот на едногласност само во промените на законите, природата на иницијалната *точка на потекло* прави голема разлика. Цит. James Buchanan and Gordon Tullock, The Calculus of Consent (Ann Arbor: University of Michigan Press, 1962), passim.

[33] Cf. Herbert Spencer, “The Right to Ignore the State,” in Social Statics (New York: D. Appleton, 1890), pp. 229–39.

[34] De Jouvenel, On Power, p. 171.

[35] Видовме дека суштинско за Државата е подршката од интелектуалците, и тоа ја вклучува подршката против двете најголеми закани. За улогата на американските интелектуалци во американското вклучување во Првата светска војна види повеќе: Randolph Bourne, “The War and the Intellectuals,” во *The History of a Literary Radical and Other Papers* (New York: S.A. Russel, 1956), стр. 205-22. Како што Борн заклучува, интелектуалниот механизам во извојувањето подршка за активностите на Државата, постои за да ја канализира секоја дискусија во границите на државната политика и да ја обесхрабри секоја суштинска или тотална критика на оваа рамка.

[36] Како што Менкен наведува:

> ,,Оваа банда (,,експлоататорите кои ја сочинуваат власта”) е имуна на казнување. Нејзините најголеми изнуди, дури и кога се за приватен профит, не подлежат на казни, под нашите закони. Од првите денови на републиката, помалку од дузина членови се отповикани, а само неколку беа затворени. Бројот на луѓе во затвор, од Атланта и Ливенворт, кои се побуниа против изнудите на власта, е секогаш 10 пати поголем, отколку бројот на чиновници на власт, кои ги изнудуваат даночните обврзници за своја добивка. (Mencken, *A Mencken Chrestomathy*, стр. 147-48).

За јасен и изразт опис на недостатокот на заштита на поединците од повредите врз нивната слобода од страна таканаречените *заштитници*, види повеќе: H. L. Mencken, “The Nature of Liberty,” во *Prejudice: A Selection* (New York: Vintage Books, 1958), стр. 138-43.

[37] Ова е разгледувано од модерното меѓународно право со тенденцијата на максимизирање на нивото на војната преку концепти на ,,колективна безбедност.”

[38] F.J.P. Veale, *Advance to Barbarism* (Appleton, Wis.: C.C. Nelson, 1953), стр.63. Слично, професорот Неф пишува за војната на Дон Карлос, помеѓу Италија, Франција, Шпанија и Сардинија, против Австрија, во 18-ти век:

,,Во опсадата на Милано од сојузниците… спротивставените армии се сретнаа во агресивната битка, надвор од градот. Во ниедно место, симпатиите на жителите не се поместија сериозно од една на друга страна. Нивен единствен страв беше оној дали војниците ќе ги поминат градските порти- Во Парма, граѓаните излегоа да ја гледаат битката во отвореното поле.” (John U. Nef, *War and Human Progress* [Cambridge, Mass.: Harvard University Press, 1950], стр.158)

Исто така Hoffman Nickerson, *Can We Limit War?* (New York: Frederick A. Stoke, 1934).

[39] Nef, *War and Human Progress*, p.162.

[40] Ibid, стр. 161. За застапувањето на тргувањето со непријателот, од водичите на Американската револиција, види Joseph Dorfman, *The Economic Mind in American Civilization* (New York: Viking Press, 1946), vol. 1, стр. 210-11-

[41] Повеќе за концептите на државна и општествена моќ види Albert J. Nock, *Our Enemy the State* (Caldwell, Idaho: Caxton Printers, 1946). Исто така види Nock, *Memoirs of a Superfluous Man* (New York: Harpers, 1943) и Frank Chodorov, *The Rise and Fall of Society* (New York: Devin-Adair, 1959).

[42] Во процесот на ширење или продирање, Државата секогаш ги зграпчува најбитните *области* во економијата и општеството. Тоа се монопол на насилството, монопол на правосудната моќ, каналите на комуникација и транспортот (пошти, патишта, реки, воздушни рути), системите за наводнување во ориенталните деспотии и образованието, со кои успева да ги обликува размислувањата на идните граѓани. Во модерната економија, парите се исто така клучна област во која е пенетрирана државата.

[43] Овој паразитски процес на одземање е скоро отворено промовиран од Карл Маркс, кој признава дека социјализмот мора да биде воспоставен преку одземање (ограбување) на капиталот создаден за време на капитализмот.

[44] Секако, незаменлива состојка на тоа решение мора да биде кршењето на сојузотомеѓу интелектуалците и Државата, со помош на центри на образование, целосно независни од државната моќ. Кристофер Даусон забележува дека големите интелектуални движења на Ренесансата и Просветителството се постигнати работејќи надвор, а некогаш и против етаблираните универзитети. Овие учења за новите идеи беа создадени и пренесувани од независни мислители. Види повеќе Christopher Dawson, *The Crisis of Western Education* (New York: Sheed and Ward, 1961).